Архивски знак: 0202
Рок на чување: трајно
04.07.2018 година
ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
Бр. 02-543/13
04.07. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на РМ, Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ на својата седница одржана на 04.07.2018 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за методологија за определување на работни места и пресметување на плати во Црвен крст на Република Македонија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува методологијата за определување на работни места, број на работници, пресметување на плати/бодови на работници и секретари на Општинските организации на Црвен крст, Црвен крст на град Скопје и на Генералниот секретар на Црвен крст на РМ (во понатамошниот текст: ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ) и евалуација на работењето на секретари/Генерален секретар и работниците.

Член 2

Работните места и бројот на работници во ООЦК/ЦКГС и ЦКРМ се определува согласно потребите во процесот на работа, програмски и проектни задачи, материјално-финансиските можности, просторните услови за работа како и можноста од групирање на повеќе видови работни задачи во едно работно место заради економичност и заштеда.

Видот на работни места и бројот на работници се уредува со Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места, а платата на работниците се уредува со Правилник за утврдување и исплата на плата и надоместоци на плата во ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ, а Раководниот одбор на ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ донесува одлука за платата на секретари/Генерален секретар согласно оваа Методологија и припадноста по групи.

Во ООЦК каде нема вработени, секретарот ги извршува работите предвидени на ниво на стручна служба и го организира процесот на управување.

Член 3

Секретарот на ООЦК/ЦКГС и Генералниот секретар на ЦКРМ именуван по правило за време до 4 (четири) години, остварува права и има обврски од работен однос од денот на именувањето до истекот или престанокот на мандатот.

За остварување на правата од став 1 на овој член се склучува договор.

Член 4

На работник претходно вработен во ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ, именуван за Секретар/Генерален секретар/ВД Секретар му мирува работниот однос за време на вршење на фунцијата и има право во рок од 15 дена по истекот или престанокот на мандатот да се врати кај претходниот работодавач-ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Согласно бројот на жители во единиците на локалната самоуправа кои ООЦК ги покрива со своето работење, ООЦК се распоредуваат по групи тоа:

1. Прва група - до 50.000 жители
2. Втора група – до 100.000 жители
3. Трета група – до 150.000 жители
4. Четврта група - над 150.000 жители

**Број на работници, работни места и пресметување на плати на работници и секретари во ООЦК/ЦКГС и ЦКРМ**

### 1. Број на работници и работни места во ООЦК

Член 6

Бројот на работници, (без секретарот), во ООЦК по групи се утврдува до 4(четири) и тоа:

| | Подгрупа ( или поделба согласно бр. на жители) | Број на работници |
|---|---|---|
| Прва група | до 30.000 жители | 0 |
| | 30.001 – 50.000 жители | до 1 |
| Втора група | 50.001 – 75.000 жители | 1 |
| | 75.001 – 100.000 жители | до 2 |
| Трета група | 100.001 – 125.000 жители | 2 |
| | 125.001 – 150.000 жители | до 3 |
| Четврта група | 150.001 – 175.000 жители | 3 |
| | над 175.000 жители | до 4 |

Член 7

Во ООЦК се утврдени следните работни места:

1. Административно – технички работник
2. Стручен работник
3. Помлад стручен соработник
4. Стручен соработник

### 2. Број на работници и работни места во ЦКГС

Член 8

Бројот на работници, (без секретарот како именувано лице) во ЦКГС се утврдува до 6 (шест)

Член 9

Во ЦКГС се утврдени следните работни места:

1. Административно – технички работник,
2. Стручен работник
3. Помлад стручен соработник
4. Стручен соработник
5. Самостоен стручен соработник

## 3.Број на работници и работни места во Централна канцеларија на ЦКРМ

Член 10

Бројот на работници, (без секретарот како именувано лице) во Централната канцеларија на ЦКРМ се утврдува до 25 (дваесет и пет).

Член 11

Во ЦКРМ се утврдени следните работни места :

1. Административно – технички работник
2. Стручен работник
3. Помлад стручен соработник
4. Стручен соработник
5. Самостоен стручен соработник
6. Асистент на Генерален секретар
7. Раководен работник

Член 12

За работните места до Стручен работник потребно е да се поседува ССС, а за Помлад стручен соработник и други рангирани и повисоко вреднувани работни места потребно е да поседува ВСС.

Работниците во ООЦК/ЦКГС кои работат на повисоко рангирано работно место треба да имаат познавање од работата за секое пониско работно место и во случај на подолготрајно отсуство на работник од работа (Годишен одмор, Боледување и сл.) да може привремено да го замени и да ги врши неговите работи и работни задачи.

Член 13

Називот Помлад на одредени работни места означува работник на кој му треба прилагодување и воведување во процес на работење на тоа работно место во организацијата на Црвениот крст во период до 1(една) година.

Доколку му треба дополнително време за прилагодување и нема можност за склучување на договор за вработување за друго работно место работникот продолжува да работи на тоа работно место.

Доколку се оцени дека работникот се прилагодил и навлегол во процесот на работењето во организацијата на Црвениот крст и стручно се обучил доколку има можност и потреба се склучува нов договор за вработување на друго посложено и посамостојно работно место.

Член 14

На Раководните работници кои ги назначува Генералниот секретар, основната плата им се зголемува со бодови по основ на раководни работници.

Член 15

Работникот заснова работен однос со потпишување на Договор за вработување со ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ.

Член 16

Во случај на зголемен обем на работа, подолготрајно отсуство на работник и нови проектни активности ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ може на определено време да го зголеми бројот на работници за одредено работно место, во рамките на оваа Методологија, и без дефинирање на нови работни места во Правилникот за организација и систематизација на работни места во ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ, во случај да има обезбедено расположиви средства за исплата на плати.

Договорот од став 1 на овој член се склучува до 1 (една) година, а може да се продолжи со истото или друго лице доколку се утврди потреба за истото.

За проектно ангажирање договорот може да се склучи со траење до 1 (една) година, односно до времетраењето на проектот.

## 4. Пресметување на плати на работници и секретари во ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ

### 4.1.Плата на работници во ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ

Член 17

Работникот има право на заработувачка – плата која е пропишана со одредби од Законот за работни односи, Закон за плати, колективен договор, утврдена во договор за вработување.

Платата е составена од основна плата, дел од плата за работна успешност и додатоци на плата.

Член 18

Платите на работниците се изразуваат во бодови.

Вредноста на бодот ја определува Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ и важи за вработените на сите организациони нивоа на Црвениот крст на РМ.

#### 4.1.1 Основна плата

##### 4.1.1.1 Сложеност на работни места

Член 19

Платите на работниците во ООЦК се определуваат по работни места по групи и тоа:

| | |
|---|---|
| Прва група | до 275 бода |
| Втора група | до 285 бода |
| Трета група | до 295 бода |
| Четврта група | до 305 бода |

Член 20

Платите на работниците во ЦКГС се определуваат по работни места и тоа до 330 бода.

Член 21

Платите на работниците во ЦКРМ се определуваат по работни места и тоа до 380 бода.

Член 22

4.1.1.2 Степен на стручна подготовка

Бодовите за степен на стручна подготовка се додаваат на бодовите определени во член 19, 20 и 21 од овој Правилник.

ССП – 20 бодови
ВШС – 30 бодови
ВСС – 60 бодови

Член 23

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ донесува одлука за промена на висината на платата и вредноста на бодот и истата важи за сите организациони нивоа.

Член 24

Евалуацијата на работењето на работниците во стручната служба на ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ е задолжителна и секоја година ја врши секретарот/Генералниот секретар.

Секретарот/Генералниот секретар на ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ може на месечно ниво да определи дел од платата на име работна успешност на работникот во ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, доколку се обезбедени/има расположиви средства, а на годишно ниво може на работниците да се исплати до една плата утврдена со Договорот за вработување.

Доколку по извршената евалуација секретарот/Генералниот секретар констатира несовесно работење и неисполнување на обврските од Договорот за вработување, може да иницира постапка за парична казна како и за откажување на Договорот за вработување, доколку подолг период се констатира несовесно работење и неисполнување на обврските од Договорот.

4.1.1.3 Додатоци

Член 25

Платите на работниците и секретарот/Генералниот секретар се зголемуваат за 0,5% за секоја година работен стаж.

Работникот има правои на други додатоци утврдени во Законот за работниодноси и колектвни договор

## 4.2.Пресметување на плата на секретар во ООЦК/ЦКГС и Генерален секретар на ЦКРМ

Член 26

Платата на секретарот на ООЦК е изразена во коефициент во зависност од групата/подгрупата на која припаѓа:

| | Подгрупа ( или поделба согласно бр. на жители) | Коефициенти |
|---|---|---|
| Прва група | До 15.000 жители | до 1,0 |
| | 15.001 - 30.000 жители | до 1,1 |
| | 30.001 – 50.000 жители | до 1,2 |
| Втора група | 50.001 – 75.000 жители | до 1,3 |
| | 75.001 – 100.000 жители | до 1,4 |
| Трета група | 100.001 – 125.000 жители | до 1,5 |
| | 125.001 – 150.000 жители | до 1,6 |
| Четврта група | Над 150.001 | до 1,7 |

Платата на секретарот на ЦКГС е изразена во коефициент кој изнесува до 2,1.

Платата на Генералниот секретар на ЦКРМ изразена во коефициент кој изнесува до 2,9.

Доколку не се обезбедени средства платата на секретарот/Генералниот секретар може да се исплатува и помалку од утврдениот коефициент по групи и од утврдената основица.

Член 27

Основната плата на секретарот/Генералниот секретар се пресметува на начин што се множи основицата со коефициентот за утврдување на платата.

Основицата за утврдување на платата на секретарот/Генералниот секретар изнесува 23.000,00 ден.

Висината на основицата ја определува Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ и важи за секретарите на сите организациони нивоа на Црвениот крст на РМ.

Член 28

Секретарот кој е вршител на должност има право на плата во износ согласно на групата во која припаѓа.

Член 29

Висината на платата на секретарот во рамките на коефициентите во групата во која припаѓа ООЦК и ЦКГС ја утврдува Раководниот одбор на ООЦК/ЦКГС во согласност со финансискиот план и овој Правилник.

За промена на висината на платата на секретарот одлука донесува Раководниот одбор на ООЦК/ЦКГС согласно реализацијата на финансискиот план,  овој Правилник и одлуките на Црвен крст на Република Македонија.

Член 30

Висината на платата на Генералниот секретар ја утврдува Раководниот одбор на ЦКРМ во согласност со финансискиот план и  оваа Методологија.

За промена на висината на платата на Генералниот секретар одлука донесува Раководниот одбор на Црвен крст на РМ согласно реализацијата на финансискиот план и оваа Методологија.

## 5.Евалуација на работење на секретарите на ООЦК/ЦКГС и ЦКРМ

Член 31

Евалуацијата за работењето на секретарите на ООЦК е задолжителна и секоја година ја врши Раководниот одбор на ООЦК најдоцна до усвојувањето на годишниот извештај за работата на ООЦК во претходната година и евалуацискиот извештај го доставува до Генералниот секретар на ЦКРМ.

Евалуацијата за работењето на секретарот на ЦКГС е задолжителна и секоја година ја врши Раководниот одбор на ЦКГС најдоцна до усвојувањето на Годишниот извештај за работењето на ЦКГС и евалуацискиот извештај го доставува до Генералниот секретар на ЦКРМ.

Евалуација за работењето на секретарот на ООЦК/ЦКГС може да врши и Генералниот секретар на Црвен крст на Република Македонија во текот на годината.

За невршење или недоставување на евалуацискиот извештај може да се иницира постапка за утврдување на одговорност на секретарот и на ЦКГС/ООЦК согласно интерните акти на ЦКРМ.

Евалуација на работењето на Генералниот секретар на ЦКРМ е задолжителна и секоја година ја врши Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ најдоцна до усвојувањето на Годишниот извештај за работењето на ЦКРМ.

Член 32

По извршената евалуација на работењето и констатирано успешно работење и управување на секретарот на ООЦК во тековната година Раководниот одбор на ООЦК може да донесе одлука на секретарот  на име работна успешност да му се исплати дел од плата во текот на наредната година секој месец од 8 до 10% од платата утврдена со договор, доколку има можност одн.се обезбедени/има расположиви средства и ако ги исполнил на годишно ниво кумулативно следните критериуми:

- доколку ООЦК ги има подмирено/обезбедено сите доспеани обврски кон добавувачите;

- успешно ги реализира програмските задачи дефинирани со соодветни програми и одлуки на Раководниот одбор на ЦКРМ и Раководниот одбор на ООЦК, со внесување креативност и иновативност во реализација на активностите и придонесува за афирмација и подобрување на отчетноста и транспарентноста;

- реализира посебни обуки/едукации за населението во локалните заедници во висина од 3% од вкупниот број на население на територијата која ја покриваат, не вклучувајќи ги обуките за прва помош на кандидати за возачи и вработени во правни лица.

- ООЦК во своите редови да има на годишна основа зголемување на членство.

Доколку кумулативно се исполнети наведените критериуми, при што на годишна основа е надминат минималниот број на членови соодветно на подгрупите распоредени во групи, согласно Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ (бр. 0202-1287/6 од 25.12.2017 година) во висина од 10%, на секретарот му се исплаќа дел од основната плата по договор во текот на наредната година секој месец во висина од 8%, а доколку има зголемување на членство од 20% на секретарот му се исплаќа дел од основната плата во текот на наредната година секој месец во висина од 10%.

Евалуацискиот извештај со Одлуката за исплата на корекцијата-зголемениот дел на плата од 8–10% да се достави до Генералниот секретар.

Доколку и наредната година се констатира кумулативно остварување на критериуми и работна успешност се постапува на истоветен начин одн. пак се исплаќа 8 одн.10% на основната плата по договорот, а доколку го нема не му се исплаќа дел од плата за работна успешност.

Член 33

По извршената евалуација и констатираното успешно работење, управување и покажани значителни резултати на годишно ниво на Генералниот секретар/секретарот на ЦКГС Раководниот одбор на ЦКРМ/ЦКГС може да донесе одлука во текот на годината да му исплати до една плата утврдена со Договорот.

Член 34

Доколку по извршената евалуација Раководниот одбор констатира неуспешно работење и неисполнување на Годишната програма за работа, може да се донесе одлука за промена на висината на платата на секретарот на ООЦК/ЦКГС и Генералниот секретар на ЦКРМ, да иницира утврдување на одговорност во согласност со интерните акти на Црвен крст на РМ, како и да го разреши доколку две последователни години се констатира неуспешно работење и неисполнување на Годишната програма за работа.

Член 35

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ, преку Генералниот секретар на Црвен крст на РМ ќе укажува на потребата за доследно почитување на одредбите од овој Правилник од страна на секретарите и ООЦК/ЦКГС, а доколку не се постапува и по даденото укажување, ќе иницира постапка за утврдување на одговорност согласно интерните акти во Црвениот крст на РМ.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

ООЦК/ЦКГС и ЦКРМ се должни да го усогласат Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места и Правилникот за утврдување и исплата на плата и надоместоци на плата согласно овој Правилник, најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена од денот на неговото донесување.

Член 37

Работниците се распоредуваат и склучуваат нови договори за вработување со плати за новоутврдени работни места.

Член 38

Доколку во ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ има повеќе работници од утврдениот број од овој Правилник, таа одредба нема да се применува за затекнати работници на неопределено време кои за време од 3 (три) години од денот на донесување на овој Правилник го остваруваат правото на редовно пензионирање (62 години за жени, 64 години за мажи).

Доколку во ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ има работници на неопределенео време кои за време од 3 (три) години од денот на донесување на овој Правилник го остваруваат правото на редовно пензионирање (62 години за жени, 64 години за мажи) ја задржуваат досегашната плата независно од работното место за кој ќе склучат нов договор за вработување.

Член 39

Обрасците за изготвување на евалуацискиот извештај на Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК, Раководниот одбор на ЦКРМ и Генералниот секретар на ЦКРМ ги изготвува централната канцеларија на ЦКРМ во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на овој Правилник.

Член 40

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за методологија за определување на вработените во Организацијата на Црвениот крст на РМ (бр. 02-182/3 од 11.03.2015 и година и Одлуките за изменување на Правилникот за методологија за определување на вработените во Организацијата на Црвениот крст на РМ б.02-396/8 од 08.05.2015 и 02-852/3 од 15.10 2015 година).

Член 41

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

Проф.д-р Ромел Велев